Приватна високообразовна установа
- Висока стручна школа
ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА
Бр. 02-98/1
18.03.2016 год.
СКОПЈЕ

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ВИШ ПРЕДАВАЧ ОБЛАСТА НА ФИНАСИИТЕ И ВО ОБЛАСТА НА МАРКЕТИНГОТ

## НА ПВУ-ВСШ „ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА", СКОПЈЕ

Со одлука донесена на 49та седница на Наставничкиот совет на ПВУ-ВСШ „Факултет за бизнис економија" Скопје, одржана на ден 18.03.2016 година определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања во ОБЛАСТА НА ФИНАСИИТЕ И ВО ОБЛАСТА НА МАРКЕТИНГОТ на ПВУ ВСШ „Факултет за бизнис економија" Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневниот весник „Вечер" на 09.03.2015 година, и во предвидениот рок се пријавија следните кандидати:

- М-р Славица Серафимоска, родена 05.04.1987 во Тетово, дипломиран економист, магистер на економски науки – Финансиски менаџмент. Повеќегодишно работно искуство како анкетар за прибирање податоци за потребите на Државниот завод за статистика на РМ.
- Д-р Маја Шуклева Камчева, родена 19.05.1978 во Скопје, дипломиран економист, магистер на економски науки – МБА Менаџмент, доктор на економски науки. Повеќегодишно работно искуство во банкарскиот сектор.
- Д-р Јасмина Димитровска Босилкова, родена 27.07.1981 во Битола, дипломиран економист, магистер по Бизнис администрација – МБА Менаџмент, доктор на науки по јавна адмиинистрација. Повеќегодишно работно искуство во секторот на финнасии и банкарство.
- М-р Мартин Стојановиќ, роден на 24.02.1988 година во Скопје, дипломиран економист, магистер на правни науки од областа на финансиите и финансиското право. Повеќегодишно работно искуство во високо образование како предавач на предмети од областа на финансиите и маркетингот.

Врз основа на приложената документација, и детален увид во истата, на Наставничкиот совет на ПВУ-ВСШ „Факултет за бизнис економија" Скопје, го поднесуваме следниот:

**ИЗВЕШТАЈ**

Во врска со конкурсот за избор на предавач од областа на Финансиите и Маркетингот, Рецензентската комисија, по анализа на документацијата поднесена од страна на пријавените кандидати, се определи за кандидатот м-р Мартин Стојановиќ. Имено, именуваниот кандидат ги исполнува формалните услови согласно Законот за високо образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставни и соработнички звања на ПВУ-ВСШ „Факултет за бизнис економија“ во Скопје, а кои се предвидени во распишаниот конкурс во весникот „Вечер“.

1. **Биографски податоци**

М-р Мартин Стојановиќ е роден на 24.02.1988 година, во Скопје, Република Македонија. Основното образование го стекнал во Скопје, Nova High Schools завршил со одличен успех, а дипломирал како првенец на генерацијата на „Факултетот за бизнис економија“ Скопје, во 2009 година, насока „Финансиски менаџмент“, на студиска програма која се реализирала целосно на англиски јазик. Последипломски студии на насоката „Финансии и финансово право“ завршил во 2011 година на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ Скопје, на тема „Финансиски пазари и институции во Р. Македонија“, со што се стекнал со научното звање магистер по правни науки во областа на Финансиите и финансиското право. Од академската 2012/2013 е запишан на трет циклус студии на Економскиот факултет при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ Скопје, во областа на Монетарна економија. Во моментот е студент на Институтот за математика при Природно математичкиот факултет во рамки на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“, во насоката „Теоретска математика“.

2. **Наставната активност**

Предавач по предметите „Јавни Финансии“, „Интегриран бизнис пристап 1“ „Интегриран бизнис пристап 2“, „Економија на регионални интеграции“, „Финансирање на локален и регионален развој“, асистент по предметите „Финансиски пазари“, „Корпоративни Финансии“, „Математика за економисти“, „Статистика за економисти“, „Регионален развој на Југоисточна Европа“, „Економија на ЕУ“ во учебната 2015/2016 година.

3. **Дополнителни образовни активности и обуки**

- Член на проектниот тим на проектот: „Иновативно стратешко партнерство за Европско високо образование (ИСПЕХЕ)“ (улога во проектот: „Key Researcher“, имплементација 2015/2016 година)
- Проектен асистент во рамки на проектот „Енергетски ефикасна локална самоуправа“ (2013/2014 година)
- Проектен координатор во проектот „Градење на институционални капацитети на граѓански организации“ во рамки на TACSO програмата (2012 година)
- Член на проектниот тим (титула: „Assistant Researcher“) во рамки на проектот „Унапредувањето на политиките за регионален развој на Р. Македонија – Споделување на Германските и Словенечки искуства“ (2012 година)
- Повремен соработник и консултант во „Pintoconsulting GMBH“ (тековно од 2013 година)
- Член на Фондацијата „Ново образование за бизнис“

4. **Трудови**

"Eurobonds for Financing Public Expenditure in Macedonia" (во коавторство со проф. д-р Благоја Наневски), Journal of Sustainable Development Skopje 1/2012, pp. 35-44;

"Financing Municipal Energy Efficiency in Macedonia" (во коавторство со м-р Тодор Милчевски), 2012 година – добитник на 1 награда на Избор за најдобар труд организиран од „Светската Банка“;

"Improving Regional Development Policies – Sharing the German and Slovenian Experience" (во коавторство со проф д-р Весна Стојанова et al.), документ за јавна политика, 2013 година, во рамки на "Think and Link Regional Policy Programme";

"Debt, Deficits and Issues with Excess Debt", (во коавторство со проф. д-р Благоја Наневски), Journal of Sustainable Development Skopje 4/2013

"Monetary Policy Effects on CPI in Recessionary Times: A Simple Price-Adjustment Model", Journal of Sustainable Development, 5/2014

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Рецензентската комисија по увид во документацијата поднесена со пријавата за распишан конкурс за избор во звање на наставник во областа на Финансиите и областа на Маркетингот, може да констатира дека кандидатот м-р Мартин Стојановиќ ги исполнува

формалните услови согласно Законот за високо образование, Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставни и соработнички звања на ПВУ-ВСШ „Факултет за бизнис економија“ во Скопје и распишаниот конкурс во весникот „Вечер“.

Согласно правилникот за критериуми и постапката за избор на наставни и соработнички звања на ПВУ ВСШ „Факултет за бизнис економија“ Скопје кандидатот м-р Мартин Стојановиќ ги има остварено следниве бодови кои се однесуваат на целокупната активност ( НО+НИ+САОР) кои се однесуваат на периодот од неговиот последен избор:

- Наставно образовна дејност (НО) = 39,3
- Научноистржувачка дејност (НИ)= 22
- Стручно-апликативна и организациски развојна (САОР) = 1,5
- Вкупна активност ( НО+НИ+САОР)= 62,8

Рецензенската комисија може да констатира дека кандидатот м-р Мартин Стојановиќго има потребното искуство за избор во звањето виш предавач, веќе има работно искуство во наставна и високо стручна работа и има објавено стручни трудови, покажува интерес и капацитет за наставно научна и истражувачка работа со што може да се констатира дека покажува способност за наставно образовна и научно истражувачка активност кои се потребни за извршување на работните обврски како виш предавач во областа на Информатиката.

Врзоснованапретходноизнесеното,рецензентскатакомисијамупредлаганаНаставничкиотсоветдагоизберекандидатот м-р Мартин Стојановиќ во звање виш предавач во областа на Финасии и областа на Маркетинг ПВУ-ВСШ„Факултет за бизнис економија“ во Скопје.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:

1. Проф. д-р Антонија Јосифовска , редовен професор - претседател
   ПВУ-ВСШ „Факултет за бизнис економија“ –Скопје

2. Проф. д-р Благоја Наневски , редовен професор - член
   Приватен научен институт за бизнис економија –Скопје

3. Проф. д-р Димитар Ефтимоски, редовен професор, доктор на економски науки, вработен на Универзитет „Св. Климет Охридски“ – Битола, Правен факултет - Кичево - член

Прилог

Табела за вреднување на активностите на м-р Мартин Стојановиќ, предавач во изборниот период 2015година, според критериумите за избор на наставници на Високата стручна школа „Факултет за бизнис економија“ во Скопје

| ВИД НА АКТИВНОСТ | БРОЈ | ПОЕНИ | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна (НО)** | | | |
| Одржување на настава од прв циклус на студии | 84 | 0,25 | 21 |
| Одржување на вежби лабараториски | 42 | 0,15 | 6,3 |
| Консултации со студенти | 120 | 0,1 | 12 |
| **Научноистражувачка (НИ)** | | | |
| Учесник во меѓународен научен/апликативен проект | 2 | 5 | 10 |
| Труд објавен во научно списание со меѓународен уредувачки одбор | 3 | 4 | 12 |
| **Стручно-апликативна и организациско-развојна (СА+ОР)** | | | |
| Учество во промотивни активности на факултетот | 1 | 1,5 | 1,5 |
| **ВКУПНО** | | | 62,8 |